**Известување за концентрација со која АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица, д.о.о., , Словенија ќе стекне контрола над ВИСОКА ШКОЛА ЗА СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСИИ, ЉУБЉАНА, Словенија (предмет бр.08-102/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 16.06.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица, д.о.о., со седиште на ул. Фајфарјева улица бр.33, 1000, Република Словенија ќе стекне контрола над ВИСОКА ШКОЛА ЗА СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСИИ, ЉУБЉАНА, со седиште на ул.Стегне 21Ц, 1000 Љубљана, Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица д.о.о е друштво со ограничена одговорност, е регистрирано на 16.07.2021 година, со основна дејност - други претприемачки и деловни консултантски услуги, воглавно во областа на социјалната заштита.

**АЗ ДЕОС, згрижување на стари лица д.о.о.** претставува составен дел од ПРВА ЦАП Групацијата, односно неговите сопственици се јавуваат како сопственици во ПРВА ФИНАНЦЕ д.о.о (PRVA Finance d.o.o.) која пак е сопственик на СКУПИНА ПРВА А.Д, која е пак сопственик на две друштво во Република Северна Макеоднија:

- Друштво за осигурување ПРВА ЖИВОТ АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 6-1, кат 2, Скопје и со приоритетна дејностосигурување на живот и
- КБ Прво друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови АД Скопје, со седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 6, Скопје и со приоритетна дејност-управување со фондови.

**ВИСОКА ШКОЛА ЗА СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСИИ** е приватна високообразовна установа, којашто врши дејности на приватни високообразовни установи одсносно приватно високо образование од областа на сметководство и финансии.
Установта Висока школа за сметководство и финансии нема дирекнто и/или индиректно поврзани друштва во Р.С.Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*
*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

17.06.2025 година
Скопје